# Извештај за работата на ООУ„Христијан Карпош“ Куманово за учебната 2021/2022 година

# ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Подготовките за учебната 2021/22 год. започнаа уште во месец јуни .Во рамките на Проектот „145 училишни спортски сали“ од МОН, со финансиска поддршка на МОН, Светска банка и Европски фонд за обнова и развој., се заменија прозорци, санитарни јазли, подови и кровна конструкција. Обновување на фасадата е влезено во програмата за тековната учебна година.,но од одредени приини сеуште не е започнато. Исто така се спроведени повеќе активности околу: варосување, чистење, потребни поправки, уредување на училниците и сл.Извршена е целосна дезинфекција и дезинсекција повеќекратно во сите простории во Централното и Подрачните училишта како и набавка и сместување на потребни средства за дезинфекција на влезот од училиштето, по училниците, ходниците, санитарните јазли и пошироко.

Од страна на Општината и МОН оваа учебна година беа донирани 48 таблети ,10 компјутери , дидактички материјал и опрема за кабинет по природни науки(во неколку наврати) во централното училиште ,како и 5 клима-уреди во подрачното училиште во нас.,,Иго Тричковиќ“. Од страна на МОН во училиштето се добиени 8 смарт табли.

Преку Проектот ,, Инклузија на децата надвор од училиштата во образовниот систем“ од страна на ФООМ Песталоци , Општина и ООУ,,Христијан Карпош “ Куманово беа потпишан и продолжен Меморандум за соработка, како резултат на кој училиштето доби донација од канцелариски материјал,училишен прибор и притер/скенер/копир .

Меморандум за соработка беше потпишан со ,,Чистота и зеленило“ како и со Градска библиотека „ Тане Георгиевски“- нашето училиште беше домаќин на централната манифестација по повод „Месецот на книгата“.

**Голем број на потреби на училиштето (хартија за копирање, тонери, 31 бела табла, маркери, сунѓери за бели табли и слично), беа покриени преку средства од проектите во склоп на Erasmus + програмата.**

Доставувањето на бесплатни учебници во библиотеката и до учениците се одвиваше организирано на однапред закажани термини со цел да се запазат предвидените мерки во услови на пандемија. Голем дел од учебниците се нарачани но не се доставени.

Учебната 2021/22год. во училиштето започна на 1-ви септември , со физичко присуство на учениците,со вкупно 56 паралелки во централното училиште ( 25 во одделенска и 20 во предметна настава) , 6 паралелки во подрачното училиште во населбата „Иго Тричковиќ“ и 5 паралелки во подрачното училиште во село Тромеѓа.

Наставниот процес се реализираше според изготвен протокол од страна на МОН ,како и интерен протокол на училиштето. Секојдневно се доставуваа извештаи за евентуални случаи на ученици и наставници кои беа Ковид-позитивни.

Оваа учебна година евиденција за реализираните активности се водеше само во е-дневникот.

Второто полугодие започна на 1 ви Февруари 2022 год. и согласно тоа добивме напатствија од страна на МОН за реализација на наставата во Второто полугодие(со намален фонд на часови).

Во текот на месец Април имаше прекин на наставата поради Генерален штрај на СОНК.

.

# ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Во текот на учебната година имаше континуирано професионално усовршување на наставниците .

-Во месец август од страна на Фондацијата „Чекор по чекор“ беше организирана „Обука за училишни инклузивни тимови“ на која зедоа учество членовите на УИТ, исто така имаше реализирано обуки за новата концепција на образованието за прво и четврто одделение.

- Во организација на БРО во текот на целата учебна година беа организирани продолжителен дел од обуките ПИКОК и ДИСО .

- Во месец ноември беше организирана обука од страна на БРО - „Спречување и борба против трговија со деца“ – во која беа вклучени 3 наставници и 2 членови на стручната служба.

-Во училиштето беше спроведена обука за заштита при работа со која беа опфатени 50 вработени.

-Организирани обуки од страна на Црвен крст- Прва помош и заштита на која зедоа учество 5 наставника, исто така беше организирана обука за ПП заштита во која беа вклучени 20 наставника.

-За наставниците од прво и четврто одд. од страна на МОН беше реализирана обука за користење на смарт табли. Од страна на наставникот Александар Милановски беше реализирана интерна обука за предметни наставници за користење на смарт табли.

-Во текот на месец декември беа организирани 3 семинари од страна на ДФП „Песталоци“ од кои произлегоа низа активности- проект за мали училишни грантови за инклузија на деца надвор од образовниот систем.

-Во месец јуни беше реализирана обука од страна на проф.д-р Розалина Попова-Коскарова-Педагошки факултет-Скопје на тема „Потреба од засилена реализација на воспитната компонента во училиштата‘‘

-Во тек се обуките за наставници од одделенска настава кои ќе реализираат настава според Новата концепција за образование во наредната 2022/2023 година во I и IV одделение

- **<u>РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ</u>**

Во текот на учебната 2021/2022 година во училиштето се реализираа голем број на активности во рамките на тековните проекти:

- - Нашето училиште стана партнер во проектот „ДигИн"-финансиран од ЕУ и пилот-училиште за спроведување на обуката за примена на дигитални алатки во инклузивната настава кои ќе им помогнат на наставниците при секојдневната работа со учениците со попреченост;
- -Во II и III одделение се реализираа активности од проектот„Math-DaMa"-Erasmus +(дискалкулија и анксиозност што ја предизвикуваат математичките проблеми кај учениците ).
- -Во V-то одделение се реализираа финалните активности од проектот:„Редовно на часови"
- -Во рамки на активностите на Ученичката заедница (Ученички парламент и Ученик-правобранител)се одржани неколку работилници и дебати на тема „Поим за насилство и злоупотреба, превенција и заштита од насилство"
- Се реализираа и неколку работилници за ученици и родители во склоп на проектот за вклучување на деца вон училишниот систем и интеркултурно образование во соработка со ДПФ Песталоци.
- Во склоп на програмите ДИСО и ПИКОК исто така беа реализирани голем број на активности во одделенска и предметна настава.

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

- Во текот на месец Декември 2021 год во училиштето се спроведе самоевалуација за работата на училиштето за периодот 2019/2021 година. Извештајот од сумираните резултати од истата е завршен во месец февруари и е проследен до релевантните институции.
- Во исто време се започна и со процесот на изготвување на Развојната програма на училиштето за период од 2021-2025 година.

# ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИ СО ПОП

- Инклузијата во нашето училиште се спроведува успешно, имаме 6 ученика кои се со процена од МКФ и со кои се работи по ИОП, но само 2 од нив имаат добиено образовен асистент, а за останатите 4 сеуште не се доделени ОА од страна на ресурниот центар. Покрај учениците со МКФ процена имаме уште 11 ученика со специјалистички извештај кои имаат тешкотии во совладување на наставниот материјал. Покрај овие ученици имаме и дополнителен број на ученици кои покажуваат одредени пречки и тешкотии во совладување на знаење,родителите беа повикани на разговор и советување и им беа дадени насоки каде да закажат термини и да ги одведат децата да им се изврши преглед и процена. Со овие ученици дефектологот работи индивидуално, при што се даваат и дополнителни насоки на родителите за  вежбање на учениците во домашни услови.
- При уписот и тестирањето на ученици за во прво одделение за учебната 2022/2023 година, од страна на стручната служба има детектирано 8 ученици со ПОП од различен карактер.

# УВИД И КОНТРОЛА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

- Во текот на оваа учебна година, во училиштето имаше постојани редовни и вонредни инспекциски увиди и контроли од страна на инспектори од ДПИ, општински просветен инспектор, санитарна инспекција, трудова инспекција и други.....
- По завршените увиди имаме позитивни извештаи за работата на училиштето што е резултат на  одговорно,навремено и професионално работење  и извршување на работните обврски на целиот колектив на училиштето согласно со Законот за основно образование и компетенциите за вработените во образованието.

# БРОЈНА ПОЛОЖБА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

- **<u>На почетокот на учебната година запишани се вкупно 1151 ученици</u>**;
- Во текот на учебната година се отпишани 53 ученици(25 Македонци и 28 Роми);
- Во училиштето се придојдени 6 ученици;
- Запишани ученици во прво одделение за учебната 2022/2023 година се вкупно 111 од кои 80 во централното училиште, 25 во ПУ во нас.„Иго Тричковиќ“ и 6 во ПУ во с.Тромеѓа.

(Според реонскиот список недостасуваат уште 54 ученици, во други училишта се запишани вкупно 12 ученици, 6 ученици се отселени во странство, 1ученик е починат, 2 ученици со мед.потврда го одложија уписот, а вон списокот се запишани 30 ученици.)

**<u>На крајот на учебната година останаа 1104 ученици</u>**

| НАЦИОНАЛЕН СОСТАВ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **одделение** | **Македонци** | | **Срби** | | **Роми** | | **други** | | **Вкупно** | | | |
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **ВК** |
| I | 61 | 52 | 1 | 2 | 9 | 6 | | | 71 | 60 | 131 |
| II | 53 | 43 | 1 | 2 | 12 | 19 | | | 66 | 64 | 130 |
| III | 51 | 42 | 1 | 3 | 13 | 21 | | | 65 | 66 | 131 |
| **I-III** | ***165*** | ***137*** | ***3*** | ***7*** | ***34*** | ***46*** | | | ***202*** | ***188*** | ***392*** |
| IV | 48 | 52 | 4 | 0 | 14 | 18 | | | 66 | 70 | 136 |
| V | 40 | 47 | 7 | 1 | 12 | 12 | | | 59 | 60 | 119 |
| VI | 51 | 53 | 0 | 0 | 11 | 13 | | | 62 | 66 | 128 |
| **IV-VI** | ***139*** | ***152*** | ***11*** | ***1*** | ***37*** | ***43*** | | | ***187*** | ***196*** | ***383*** |
| VII | 54 | 58 | 4 | 0 | 7 | 3 | | | 65 | 61 | 126 |
| VIII | 55 | 45 | 2 | 0 | 4 | 3 | | | 61 | 48 | 109 |
| IX | 55 | 46 | 0 | 2 | 1 | 0 | | | 57 | 47 | 104 |
| **VII-IX** | ***164*** | ***149*** | ***6*** | ***2*** | ***12*** | ***6*** | | | ***183*** | ***146*** | ***339*** |
| **I-IX** | ***468*** | ***438*** | ***20*** | ***10*** | ***83*** | ***95*** | | | ***571*** | ***533*** | ***1104*** |

| РЕДОВНОСТ и ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| одд | педагошки мерки | | | | | изостаноци | | | | | | | | |
| | усна опомена | писмена опомена | укор | намал. на поведение | преместување | оправдани | | | неоправдани | | | вкупно | | |
| | | | | | | Македонци | Срби | Роми | Македонци | Срби | Роми | Македонци | Срби | Роми |
| I | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1853 | 0 | 936 | 0 | 0 | 144 | 1853 | 0 | 1080 |
| II | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1998 | 0 | 944 | 145 | 0 | 4509 | 2143 | 0 | 5453 |
| III | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1450 | 0 | 1650 | 27 | 0 | 4123 | 1477 | 0 | 5773 |
| IV | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 263 | 0 | 1493 | 1732 | 0 | 1632 | 1995 | 0 | 3125 |
| V | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1674 | 27 | 1642 | 1 | 0 | 774 | 1675 | 27 | 2416 |
| I-V | 6 | 3 | 2 | 0 | 0 | 7238 | 27 | 6665 | 1905 | 0 | 11182 | 9143 | 27 | 17847 |
| VI | 20 | 15 | 5 | 4 | 1 | 810 | 0 | 838 | 52 | 0 | 1111 | 862 | 0 | 1949 |
| VII | 25 | 6 | 6 | 7 | 0 | 2996 | 151 | 1366 | 244 | 0 | 1277 | 3240 | 151 | 2643 |
| VIII | 15 | 2 | 2 | 1 | 0 | 2965 | 193 | 675 | 68 | 0 | 59 | 3033 | 193 | 734 |
| IX | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2268 | 9 | 1 | 206 | 0 | 0 | 2474 | 9 | 1 |
| VI-IX | 63 | 23 | 13 | 12 | 1 | 9039 | 353 | 2880 | 570 | 0 | 2447 | 9609 | 353 | 5327 |
| I-IX | 69 | 26 | 15 | 12 | 1 | 16277 | 380 | 9545 | 2475 | 0 | 13629 | 18752 | 380 | 23174 |

Во овaa учебна година бројот на изостаноци е доста голем.Опрвдани 26202 и неоправдани 16104 или вкупно 42306 .

На оние ученици кои отсуствуваат неоправдано од настава,континуирано во текот на целата учебна година уредно им се испраќани покани и им се изречувани педагошки мерки во отсуство. Исто така од страна на ПП служба се известени и повикани на советување родителите на нередовните ученици и учениците со слаби оцени. Во тек на годината одржани се шест советувања за родители.Но, одзивот на родителите на овие советувања беше слаб

Што се однесува до педагошките мерки,изречени се 69 усни опомени од прво до деветто одд, 26 писмени опомени, 15 укори од класен раководител , на 12 ученика им е намалено поведението, а 1 ученик е преместен во друга парлелка.

# УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ

| Оддел.<br>Парал. | УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-III** | Од прво до трето одделение описно се оценети 382 ученици.а 10 ученици кои се неоценети , упатени се на одделенски испит во август(истите не се појавија на одделенски испит организиран во месец јуни). | | | | | | | | | | | | | |
| **IV - VI** | Од четврто,петто и шесто одделение бројчано се оценети 375 ученици а 8 ученици кои се неоценети и се упатени на одделенски испит во месец Август. | | | | | | | | | | | | | |
| **VII - IX** | Од седмо до деветто одделение бројчано се оценети вкупно 339 ученици | | | | | | | | | | | | | |
| | **Без слаби** | | | | | | **Со слаби** | | | | | | **Неоценети** | **Сред. Успех.** |
| | **одлични** | **мн.добри** | **добри** | **доволни** | **вк** | **%** | **1сл** | **2сл** | **3 и пов** | **вк** | **ж** | **%** | | |
| IV | **40** | **30** | **19** | **15** | **104** | **100** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5** | **3.79** |
| V | **42** | **26** | **14** | **11** | **93** | **100** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.91** |
| VI | **53** | **37** | **24** | **6** | **120** | **93.75** | **0** | **0** | **8** | **8** | **2** | **6.25** | **3** | **4.13** |
| VII | **34** | **45** | ***38*** | ***2*** | ***119*** | ***94.4*** | ***0*** | ***0*** | ***7*** | ***7*** | ***1*** | ***5.6*** | ***0*** | ***3.26*** |
| VIII | **25** | **28** | ***45*** | ***10*** | ***109*** | ***100*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***3.51*** |
| IX | **38** | **33** | ***26*** | ***8*** | ***105*** | ***100*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | **3.86** |
| **VII-IX** | **232** | **199** | **166** | **52** | **650** | **98.03** | **0** | **0** | **15** | **15** | **3** | **1.98** | **8** | **3.74** |

Од останатите 1104 ученици:
-14 ученици го повторуваат одделението(8 ученици од VIодд. и 6 ученици одVIIодд.)
-2 ученика со изјави од родител се задржуваат во II одд.
-18 ученици се упатени на одделенски испит во август(1 ученик од I одд., 4 ученици од II одд., 5 ученици од III одд. 5 ученици од IV одд. и 3 ученици од VI одделение.)

**1070 ученици напредувале во наредно одделение.**

# ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

- Како резултат на учество на учениците во бројни конкурси, натпревари и манифестации, нашето училиште оваа година имаше значителен успех на општинско, регионално и државно ниво.
- На ниво на IX-то одделение се истакнаа повеќе ученици кои со својот труд и залагање придонесоа кон афирмација на училиштето. Од таа причина нашето училиште оваа учебна година прогласи 2 ученика за Првенци на генерацијата: Богдан Симоновски- IX б и Ива Додевска- IX в, а 3 ученици беа прогласени за Гордост на генерацијата: Илина Стојановска IXа, Теа Јанковска- IXб и Елеонора Алексовска IX в.

- На 2.10.2021 год.беше одржан финален натпревар за ,,Детски семафор 2021 година".Учениците од сите основни училишта кои постигнаа најдобар успех во теоретскиот дел на натпреварот се натпреваруваа во велосипедска трка.
  Од нашето училиште на теоретскиот дел од натпреварот, ученичката Ивона Петрушевска VII-г, постигна значителен успех и освои - ТРЕТО МЕСТО.
  Благодарност и до останатите ученици кои учествуваа на натпреварот:
  -Лука Марковски VI-в;
  -Антонио Богдановиќ VII-д;
  -Марио Велковски VI-а;
  -Марија Илиевска VII-г;
  -Тамара Митевска VI-в.
  Учениците од нашето училиште беа под менторство на проф. по техничко образование Александар Милановски.

  -На 18 Општински натпревар „Млади библиотекари" што се одржа на 26.10. 2021 година, ученичката Ива Додевска од IX в одделение освои ПРВО МЕСТО, ментор Фросина Пешевска. Ива ја претставуваше Библиотеката и нашето училиште на Републичкиот натпревар во НУУБ „Григор Прличев"- Охрид освојувајќи ВТОРА НАГРАДА на државно ниво.

  -На награден литературен натпревар организиран од страна на ЈОУ Библиотека "Тане Георгиевски" - Куманово по повод ,,Месецот на книгата" нашата ученичка Сара Алексовска од Vб одделение под менторство на Александра Павловска во конкуренција од петто до деветто одделение го освои третото место.

  -На ликовен натпревар организиран на 13.10.2021 година по повод "Месецот на книгата" од страна на ЈОУ Библиотека "Тане Георгиевски" - Куманово учениците од Vб одделение под менторство на Александра Павловска ги постигнаа следниве резултати: Лина Димковска - прво место, Милица Денковска - трето место и Лука Ѓориќ - трето место.

- По повод „Месец на книгата“ беше организиран и литературен конкурс до деветто оделение од страна на Друштво на писател на кој нашите ученици освоија награди под менторство на наставникот Фросина Пешевска и тоа:
  -Теа Јанковска IX-в **прво место на општински и државен натпревар**
  -Анастасија Трајковска IX-б прво место на општинско ниво
  -Ива Додевска IX-в второ место на општинско ниво
  -Ева Михаиловска IX-б трето место на општинско ниво

  На литературен конкурс за делото на Блаже Конески, учестово земаа ученици од нашето училиште и присуствуваа на свечен прием во Клубот на пратеници во Скопје каде им беа доделени наградите за прво место, во категоријата - Најдобар расказ на учениците
  -Богдан Симоновски IX б одд.- ментор Фросина Пешевска
  -Сара Алексовска V б одд. –ментор Александра Павловска

  Здружението на просветни работници на град Скопје, по повод својот јубилеј објави ликовен конкурс на тема „Кога ќе пораснам сакам да бидам како...“ (за ученици од прво до четврто одд) на кој нашата ученичка
  -Каја Ангеловска I-в освои прво место- ментор Лидија Николиќ

  Училишниот одбојкарски тим освои трето место на зонски натпревар.

-На општинскиот натпревар по биологија кој се одржа на 9-ти Февруари нашите ученици постигнаа одлични резултати:
-Ива Додевска 9в прва награда,
-Стефани Митровска 9в прва награда,
-Софија Лазиќ 8а втора награда,
-Мелани Стојановска 8б втора награда,
-Јован Петрушевиќ 8в втора награда и
-Теодора Арсевска 8г втора награда. Сите се пласираа на регионален натпревар

На општински натпревар по природни науки, одржан на 11.02. нашите ученици од 5то одделение, под менторство на наставник Елена Ангеловска ги постигнаа следниве резултати:
- Евалин Дурова Vа I награда;
- Ана Стевановиќ Vа I награда;
- Алекс Стојилковиќ Vб II награда;
- Сара Алексовска Vб II награда;
- Јован Коцевски Vг II награда;
- Лана Стојановска Vа II награда;
- Лука Ѓориќ Vб III награда;
- Теодора Анѓеловска Vв III награда;
и сите се пласираа на регионален натпревар

На општинскиот натпревар по математика што се одржа на 19.02 2022 г.во организација на СММ нашите ученици од петто одделение постигнаа одлични резултати и се пласираа за учество на регионален натпревар:
1.Лина Димковска - I награда, ментор Александра Павловска
2.Алекс Стојилковиќ- I награда, ментор Александра Павловска
3.Андреј Насевски - I награда, ментор Данијела Стефановска
4.Марко Тодоровски - II награда, ментор Данијела Стефановска
5.Ангел Антевски - II награда, ментор Маја Стефановска
6.Јован Митровски - III награда, ментор Данијела Стефановска
7.Ангел Димковски -пофалница, ментор Александра Павловска

- На општински натпревар хемија кој се одржа на 25.02.2022 петок нашите ученици ги постигнаа следниве резултати:

Наталија Стошиќ од 9 а - втора награда

Богдан Симоновски од 9б - втора награда

Исмет Асановски од 9 б - пофалница

Викторија Станковска од 8 д-пофалница

Василија Дурова од 8 а - пофалница

Хана Асановска од 8 д- трета награда

- На регионален натпревар продолжуваат Ива Додевска, Наталија Стошиќ и Богдан Симоновски од 9 одд, а Хана Асановска од 8 одд.
- На Републичкиот литературен детски фестивал ,,Ракатки-2022" награди освоија ученици од нашето училиште:

Прво место- Сара Алексовска, V одд. Ментор - Александара Павловска.

Второ место - Богдан Симоновски, IX одд. Ментор - Фросина Пешевска.

- На 19.03.2022 се одржа општински натпревар по англиски јазик и ги освоија следните награди:
  -Ана Стевановиќ 5 одд- ПРВО место - ментор Димитринка Бојковска
  -Викторија Цветковска- 6 одд-ПРВО место - ментор Мартин Јованчевски-Софија Митевска- 6 одд ПРВО место - ментор Мартин Јованчевски
  -Моника Илиевска- 7 одд ПРВО место - ментор Милица Тимчевска
  -Лазар Фуртула- 7 одд ПРВО место - ментор Милица Тимчевска
  -Илина Ѓурковска- 8 одд ПРВО место - ментор Билјана Петровска
  -Анастасија Левковска- 8одд ТРЕТО место - ментор Билјана Петровска
  -Теа Велковска- 9 одд ПРВО место - ментор Елена Алексиевска

- На регионален натпревар по математика кој се оддржа на 26.03.2022 година организиран од страна на СММ нашите ученици постигнаа одлични резултати и тоа:- Алекс Стојилковиќ од Vб одделение освои прва награда - ментор Александра Павловска

- Лина Димковска од Vб одделение освои прва награда - ментор Александра Павловска

- Ангел Димковски од Vб одделение освои втора награда - ментор Александра Павловска

- Богдан Симоновски од IXб одделение освои третата награда - ментор Виолета Митровска

- На 26.3.2022 година се одржа општинскиот натпревар по географија на кој нашите ученици се здобиа со награди.

- Теодора Арсовска,прва награда

- Меланија Тосевска,трета награда

- Андријана Јакимовски,трета награда

- Софија Митевска,трета награда

Сите ученици беа под менторство на професорката Марија Анѓелковиќ-Стојановиќ

- На регионалниот натпревар по Природни науки, оддржан на 2.04.2022, под менторство на наставникот Елена Ангеловска, нашите ученици од 5то одделение ги постигнаа следниве резултати: Ана Стевановиќ Va Прва награда

Лука Ѓориќ Vб Втора награда,

Евалин Дурова Va Втора награда,

Алекс Стојилковиќ Vб Трета награда,

Јован Коцевски Vг Пофалница,

Лана Стојановска Va Пофалница,

Теодора Анѓеловска Vв Учество,

Сара Алексовска Vб Учество.

- Награди на ликовни и литературни творби од учениците -учесници на Конкурсот по повод 150 годишнината од раѓањето на македонскиот револуционер и голем стратег за македонскиот народ, Гоце Делчев, за сите ученици на основно и средно образование!

Трета награда :Ученик Јована Милковска, $V^{a}$ одд. Ментор – Лидија Лазаревска

- На 08.04.2022 нашето училиште ја имаше таа чест да биде домаќин на натпреварот ,,БИДИ БЕЗБЕДЕН".Покрај тоа што бевме домаќини успеавме да се пласираме на 1во место, благодарение на нашите вредни ученици.

1.Стефани Митровска IX-B

2.Наталија Стошиќ IX-A

3.Наум Петковски IX-Б  ментор Александар Милановски

- На 09.04.2022 се одржа регионален натпревар по биологија и нашите ученици ги освоија следните награди:

  Ива Додевска 9одд – ПРВО место
  Стефани Митровска 9одд – Трето место – ментор Валентина Бојковска
  Софија Лазиќ 8 одд- Трета награда
  Јован Петрушевиќ 8 одд- Трета награда
  Теодора Арсовска 8 одд- Трета награда- ментор Драгана Божиновска

- Натпреварот по математика Кенгур се одржа на 24 март 2022 година и имаме многу наградени ученици од нашето училиште...
- На ниво на второ одделение

- II-А --> Алек Димитриевски, Томица Додевски и Ива Јакимовска (освено второ место) , Антониа Боровац (освоено трето место)-ментор Маја Давидовска...

- II-В --> Дамјан Станковски, Клаудија Величковиќ и Самоил Марков (освоено прво место), Александра Митевска, Павел Златановски ( освоено второ место) ,Алексеј Чедоски (освено трето место)-ментор Лидија Костиќ...

- II-Г --> Нина Нојковска, Ана Милковска, Ирина Станковски, Маша Јовановска, Сара Каранфиловска, Деа Благојевиќ, Илина Даневска, Ѓурѓина Цветковска и Коста Петковски (освоено прво место), Никола Николовски (освоено второ место) и Лука Илиевски (освоено трето место)-ментор Љубинка Велкова...

- II-Д --> Ања Николовска (освоено второ место), Ѓорѓи Цветковски и Петар Милковски (освоено трето место)- ментор Фросина Јаневска

- На ниво на трето и четврто одделение

- III-Г --> Елизабета Стојменовска и Леонид Радичевски (освоено прво место)-ментор Весна Трендафиловска ...

- IV-Б --> Никола Костадиновски (освоена пофалница)-ментор Славица Коцевска

- На ниво на деветто одделение

- IX- Б --> Богдан Симоновски (освоено прво место)-ментор Виолета Митровска

- На 4 мај 2022 год. се одржа општинскиот натпревар по географија.Учениците и овој пат ја демонстрираа својата љубов кон оваа наука.УченичкатаЈана Симоновска го освои третото место,Леона Зафировска освои прва награда додека Александра Марковска втората награда за ученици од седмите одделенија под менторство на наставникот Јагода Бојковска.Во категоријата на ученици од деветто одделение под менторство на наставникот Дејан Младеновски,ученикот Богдан Симоновски го заседе првото место, а ученичките Елеонора Алексовска и Моника Спасовска го поделија второто место.
- На 11ти Мај на државниот натпревар по Атлетика, нашето училиште постигна успешни резултати: Ученикот Павел Петковски од VII одд, успеа да освои 1 место на 60 метри и 2 место на 300 метри.Ментор - Магдалена Ѓорѓевиќ Строимановска
- На 19ти Мај во просториите на ,,Занаетчиски дом” – Куманово, беше организирано финале на натпреварот БИДИ БЕЗБЕДЕН 2022 за УСЕ.Нашето училиште кое беше домаќин на меѓуучилишниот натпревар кој се одржа во месец април и го освоивме прво место, по втор пат успеавме да освоиме ПЕХАР за ПРВО МЕСТО со МАКСИМУМ ПОЕНИ. Победничкиот тим го сочинуваа учениците: Стефани Митровска IX-В, Наталија Стошиќ IX-А и Наум Петковски IX-Б под менторство на наставникот Александар Милановски
- На Регионалниот и Државниот натпревар по македонски јазик нашите ученици Симона Тошевска од деветто одделение и Дарио Спасовски од осмо одделение освоија две втори и две трети награди, под менторство на наставниците Елена М. Деспотовска и Весна Алексова.
- Ученикот Богдан Симоновски под менторство на наставникот Дејан Младеновски на 5ти Јуни учествуваше на државнопт натпревар по географија и го освои првото место
- На литературниот конкурс, распишан од Локален совет за превенција при Општина Куманово на тема ,, Секој предизвик е можност за меѓусебно зближување со сите наши различности", наградени се нашите ученици од V в одделение Меланија Јовева и Никола Велковски под менторство на одд.наставник Љубинка Велкова. Наградените ученици ќе учествуваат на онлајн доделување на наградите на 29 јуни.

Извештајот го изготвија:

Александра Стаменовска- педагог

Дејан Младеновски- помошник директор

Јуни 2022 год.

Куманово